У-6.бр.1051/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД, во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р.Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Рената Николова- виш судски референт, решавајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство на моторни и индустриски масла, трговија и услуги "3 СТ" увоз извоз ДООЕЛ Илинден, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. 09-469/5 од 13.05.2020 година, на одржаната јавна усна расправа во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Димче Наков од Скопје, полномошникот на тужениот орган- Зоран Трајановски, претставникот на заинтересираното лице ДТПУ "Интер Гума Трејд" Скопје правник Сања Јакимовска, согласно член 9 став 1 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови на 11.03.2021 година донесе и ја објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство на моторни и индустриски масла,трговија и услуги "3 СТ" увоз извоз ДООЕЛ Илинден, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. 09-469/5 од 13.05.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот адвокат Димче Наков од Скопје за надомест на трошоците во постапката и тоа такса за тужба и одлука како и износ од 12.926,00 денари за застапување на јавната расправа, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

### О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение, жалбата на сега тужителот изјвена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2019-15881/21/3 од 24.04.2020 година, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.15881/2019 за набавка на стоки – масла и мазива на договорниот орган ЈП"Национални Шуми" Скопје, делумно е усвоена, поништена е одлуката за избор на најповолна понуда и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување во фаза на претходно донесено Решение бр.09-297/5 од 01.04.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување. Решението се побива во делот во кој не е уважена жалбата на сега тужителот поради тоа што во постапката која и претходела на актот не е постапено според правилата на постапката, не е правилно применет законот и нецелосно утврдена фактичка состојба. Се укажува на тоа, зошто тужениот орган спровел целосна повторна евалуација, кога

требаше да постапи само во дел 2,3 и 4 со што постапил спротивно на претходно донесеното Решение на Државната комисија за жалби по јабни набавки бр.09-297/5 од 1.04.2020 година, потоа во оспореното решение, контрадикторно е образложението со изреката, во истото не се образложени жалбените наводи, не се разбира во кој дел е усвоена жалбата а во кој дел не, укажува дека договорниот орган го нарушил конкурентноста меѓу економските оператори и еднаквиот третман на избор.Бара да се поништи истото и да се врати предметот на повторно одлучување.

Во одговор на тужбата, тужениот орган остана при наводите на оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Постапувајќи по тужбата, Судот закажа усна јавна расправа на ден 25.02.2021 година, на која:

Полномошникот на тужителот наведе дека останува кон тужбата и тужбеното барање со предлог истата да биде усвоена и оспореното решение, да се поништи. Смета дека во рефератот на тужбата подробно се наведени сите повреди на одредбите од Законот за јавни набавки кои што тужениот орган ги има направено во постапката. Што се однесува до одговорот на тужба, наведе дека наводите се апсолутно неосновани од причини што едноставно само се повторени наводите од оспореното решение и од тие причини предложи тужбата да биде освоена, а оспореното решение поништи.

Полномошникот на тужениот орган, на расправата наведе дека останува во целост кон доставениот одговор на тужба и предлага тужбата и тужбеното барање да бидат одбиени како неосновани. Ова од причина што Државната комисија во целост се произнела за утврдената фактичка состојба со првото решение, кое тужителот не го оспорил. Во сега оспореното решение, Државната комисија по службена должност само констатирала дека договорниот орган не постапил според напатсвијата во преходното решение, односно донел одлука за најповолна понуда за сите делови од постапката иако претходната одлука за овој избор била поништена само за деловите 2, 3 и 4.

Полномошникот на заинтересираното лице ДТПУ “Интер гума трејд“ Скопје, Сања Јакимовска наведе дека- тужбата и тужбеното барање на тужителот се во целост неосновани. Тужениот орган преку увидот во документацијата и досието на понудувачот при електронскиот систем за јавни набавки на Биротото за јавни набавки неспорно утврдил дека понудувачот, како заинтересирано лице во постапката доставил комплетна документација за сите делови, а воедно и како најповолен понудувач и за делот 4. Со тоа е постапено во целост согласно техничката спецификација на тендерската документација за доставување на одобрение, потврди од овластена независна акредитирана лабараторија за секоај ставка поодделно.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки Бр. 09-469/5 од 13.05.2020 година, Одлука за јавна набавка на Директорот на ЈПНационални Шуми-Скопје од 31.12.2019 година година, Тендерска документација за доделување на договор за јавна набавка на стоки масла и мазива, Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.15881/2019 за набавка на стоки – масла и мазива, записник за отворање на понудите од 30.01.2020 година, Извештаи за текот на е-аукцијата на масла и мазива за сите 5 дела, Одлука за избор на најповолна понуда 04.03.2020 година, Жалба поднесена против Одлуката за избор од страна на сега тужителот, Одговор на жалба даден од ЈП Национални шуми, Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки Бр. 09-297/5 од 01.04.2020 година, Известување за спроведена отворена постапка бр.15881/2019, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2019-15881/21/3 од 24.04.2020 година, жалба против

наведената Одлука, одговор на жалба даден од договорниот орган ЈП-Национални шуми, Договор за набавка на масла и мазива склучен меѓу ЈП Национални шуми и ТД Синпекс заведен под бр.03-14/164 од 10.06.2020 година и Договор за набавка на масла и мазива склучен меѓу ЈП Национални шуми со ДПТУ Интер Гума Трејд ДОО Скопје заведен под бр.03-14/227 од 15.06.2020 година.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на наводите и доказите од тужбата, одговорот на тужбата на тужениот орган, како и од увидот во списите на предметот доставени од тужениот орган, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган ЈП-македонски шуми со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.15881/2019, спровела постапка за набавка на стоки – масла и мазива, согласно претходно донесената Одлука за јавна набавка од 31.12.2019 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, како делива на 5 дела, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на е-аукција. Пристигнале вкупно 5 понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 30.01.2020 година. Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда за дел 1 и 5 да биде избрана понудата на економскиот оператор „СИНПЕКС ДОО Битола, за дел 2,3 и 4 да биде избрана понудата на економскиот оператор „СМ УАЗ АВТОДЕЛОВИ“ ДООЕЛ Гостивар. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда број 05-2019-1588/1 од 04.03.2020 година. Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда од 04.03.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор-сега тужител „ЗСТ“ ДООЕЛ Илинден. Постапувајќи по жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки го донесе Решението бр.09-297/5 на ден 01.04.2020 г. со кое ја поништи Одлуката за избор на најповолната понуда број 05-2019-1588/1 од 04.03.2020 година за дел 2, 3 и 4 донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.15881/2019 за набавка на стоки – масла и мазива на договорниот орган ЈП Национални шуми Скопје и предметот се врати на повторно постапување и одлучување. Врз основа на повторниот Извештај од спроведената постапка од 24.04.2020 гоидна, донесен по Решението бр.09-297/5 од 01.04.2020 година и извештаите за текот на повторната е-аукција за сите делови, Комисијата за јавни набавки дава предлог за избор како најповолна понуда за дел 1,2,3 и 4 да биде избрана понудата на економскиот оператор „ИНТЕР ГУМА ТРЕЈД“ ДОО Скопје, а за дел 5 да биде избрана понудата на екомскиот оператор „СИНПЕКС“ ДОО Битола. Предлогот бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2019-15881/21/3 од 24.04.2020 година. На оваа одлука жалба изјавува повторно сега тужителот, по кое се носи сега оспорено решение, со кое жалбата на тужителот изјвена против Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-2019-15881/21/3 од 24.04.2020 година донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.15881/2019 за набавка на стоки – масла и мазива на договорниот орган ЈП“Национални Шуми“ Скопје, делумно е усвоена, поништена е одлуката за избор на најповолна понуда и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување во фаза по донесеното решение бр.09-297/5 од 01.04.2020 година на Државна комисија за жалби по јавни набавки.

УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 10 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно членот 81 од Законот за јавни набавки, се уредени прашањата поврзани со содржината на тендерската документација т.е. барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно член 141 став 1 од истиот Закон, Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член.

Согласно член 143 став 1 од истиот Закон, во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите делумно ја усвоил жалбата на тужителот при што поништена е одлуката за избор на најповолна понуда и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување во фаза по донесеното претходно решение бр.09-297/5 од 01.04.2020 година на Државна комисија за жалби по јавни набавки.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека со сега оспореното решение, Државната комисија, по службена должност само констатирала дека договорниот орган не постапил според напатсвијата дадени во преходното решение, односно донела одлука за најповолна понуда за сите делови од постапката иако претходната одлука за овој избор била поништена само за деловите 2, 3 и 4.

Судот ги оцени тужбените наводи дека во Оспореното решение е контрадикторно образложението со изреката, во истото не се образложени жалбените наводи, не се разбира во кој дел е усвоена жалбата а во кој дел не, но истите не ги прифати. Ова од причини што со оспореното решение тужениот орган за својата одлука дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој суд.

Судот го оцени и тужбениот навод дека договорниот орган го нарушил конкурентноста меѓу економските оператори и еднаквиот третман на избор но истиот не го прифати од причина што, доколку тужителот како учесник во конкретната постапка за избор на најповолна понуда, не бил задоволен од содржината на веќе објавената тендерска документација, како дел од Огласот за доделување на договор за јавна

набавка со Отворена постапка бр.15881/2019 за набавка на стоки – масла и мазива, истиот можел да изјави жалба согласно членот 143 став 1 точка 1 од Законот за јавните набавки.Дека сега тужителот не поднел жалба против тендерската документација се потврди и од увидот во списите на предметот изведени како докази како и од одговорите дадени на самата јавна расправа од страна на полномошникот на тужителот видно од записникот за одржување на јавната расправа на ден 25.02.2021 година.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови.

Барањето на полномошникот на тужителот Димче Наков адвокат од Скопје за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неоснована, согласно одредбите од членот 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ 96/2019), согласно кои одредби, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката и одлучи како изреката на оваа решение.

Пресудено во Управниот суд на ден 11.03.2021 година под У-6.бр.1051/2020.

Записничар - виш судски референт
Рената Николова

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграврчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари и судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави до:
- тужител - полномошникот
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграврчиска

РН /

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
10
SHKUP
GJYKATA ADMINISTRATIVE
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник

4